РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби



# Како да се однесуваме кон лицата со

# ОШТЕТЕН СЛУХ

# НАПРАВЕТЕ ГО ПРВИОТ ЧЕКОР



Последиците од оштетувањето на слухот не се однесуваат само на лицето со оштетен слух. Тие, исто така, имаат големо влијание и врз семејството, пријателите и колегите на работа.

Отежнатата комуникација, неразбирањето, потребата од повторување на она што е кажано може да дејствува фрустрирачки за секој што е вклучен во комуникацијата. За среќа, постојат неколку начини со кои можете да ја олесните комуникацијата.



Првиот чекор, секако, е да си го поставите прашањето: Кои се проблемите што ги мачат лицата со оштетен слух?

## ФАКТИ ПОВРЗАНИ СО ОШТЕТУВАЊЕТО НА СЛУХОТ

1. Повеќето луѓе со оштетен слух истовремено се соочуваат со намалена јачина на звукот и со намалена јасност на говорот, дури и кога тој е доволно гласен. Иако лицето може да „слушне" што зборувате, не секогаш ги разбира сите зборови што ги кажувате и може да измеша некои звуци.



2. Бучавата во заднина прилично го отежнува разбирањето. Дури и луѓето со нормален слух имаат проблеми со комуникацијата кога во заднина има силна бучава. Кај лицата со оштетен слух тој проблем е уште поголем.
3. Многу луѓе со оштетен слух се чувствуваат непријатно, па поради тоа, често ки-



маат со главата и се преправаат дека разбираат и тогаш кога не разбираат што им зборуваме.

4. Иако слушните помагала можат да помогнат со слухот, тие не го враќаат разбирањето во нормала, како што е случај со очилата што го подобруваат видот. Лицето што носи слушно помагало, во некои ситуации и натаму има тешкотии со разбирањето на говорот.



5. Потребно е време лицето со оштетен слух да се навикне на слушното помагало, а тоа е особено тешко за оние што подолго време биле со оштетен слух. Звуците што се заборавени мора повторно да се научат. Светот им се чини прегласен, на почеток дури и заглушувачки. Ако познавате некој

што користел слушно помагало и престанал да го употребува, охрабрете го повторно да оди на лекар специјалист, кој повторно ќе го приспособи помагалото. Можеби ќе треба и неколкупати да се посети специјалистот за да може со нагодувањето да се постигне квалитетен звук. Вашето трпение и охрабрување може да биде од голема помош.

6. Оштетувањето на слухот кај старите лица лесно може да се помеша со сенилност и затоа е потребено слухот да се тестира, и тоа тестирање да биде дел од секоја здравствена процена.

## ДОБРИ КОМУНИКАЦИСКИ НАВИКИ




1. **Привлечете го вниманието на лицето со оштетен слух пред да почнете да зборувате.**

   Ако сте му го привлекле вниманието на лицето, тогаш тоа ќе биде подготвено за комуникација и ќе има помали шанси да пропушти нешто од комуникацијата.

2. **Не викајте!**

Зборувајте јасно, но не прегласно. Изговорот нека ви биде јасен, но не пренагласувајте ги вашите зборови.



3. **Не зборувајте ниту пребрзо ниту пребавно.**

Луѓето со оштетен слух подобро го разбираат соговорникот доколку говорот е малку побавен, но не и премногу бавен!



4. **Вашето лице нека биде лесно видливо.**

Осветлувањето треба да биде соодветно за да не го прекриваат сенките вашето лице или уста. Многу звуци на говорот се видливи на устата, па на лицето со оштетен слух тоа може да му биде важна потпора.

5. **Не зборувајте додека тече вода!**

Бучавата во заднина многу го отежнува разбирањето. Исклучете го изворот на бучава пред да го започнете разговорот со лицето со оштетен слух или, ако имате можност, преместете се на потивко место.



6. **Не зборувајте со некој од друга просторија.**

Раздалеченоста од лицето што слуша е многу важна. Колку сте подалеку, помали се шансите да ве слушне. Потрудете се да бидете во иста просторија и доволно блиску за да може полесно да ве слушне и да ве види.





7. **Подобро преформулирај отколку да повторуваш.**

   Ако побараат од вас да повторите, од поголема помош ќе биде ако го преформулирате она што сте го кажале. Понекогаш употребата на други зборови полесно се разбира.

8. **Бидете подготвени на неразбирање.**

   Поставувајте прашања одвреме-навреме за да се уверите дека лицето ве разбрало.

9. **Опуштете се и бидете трпеливи.**

   Лицата со оштетен слух често се под голем стрес, бидејќи се концентрираат на разбирањето на секој збор што е изговорен. Љубезниот израз на лицето и приемливиот став може да му помогне на лицето со оштетен слух да се опушти и да ужива во разговорот.

   Слушањето и разбирањето се основни човекови потреби. Проблемите со слухот, како и социјалните предизвици што произлегуваат од овие проблеми, претставуваат поле на континуиран развој и рушење на предрасудите во секое современо општество. Ние веруваме во свет во кој благодарение на напредната технологија, лицата со оштетен слух ќе можат да комуницираат без никакви ограничувања.

# ЗНАКОВЕН ЈАЗИК



Основна специфична карактеристика на глувите и наглувите лица е користењето на ЗНАКОВНИОТ ЈАЗИК како средство за комуникација со други лица. Тоа е систем на условно договорени движења на рацете, проследени со мимика и со говор на телото што имаат свое одредено значење.

Рацете се основно средство што се користи при комуникацијата со знаковниот јазик. Знаците се претставени со одредено движење и одредена поставеност на раката или на двете раце. Значењето на знакот е одреден во оние основни елементи на кои треба да се внимава:

- **поставеност на раката – поставеност на прстите од раката или двете раце;**
- **движење на раката или двете раце;**
- **позиција – локација на знакот во знаковниот простор;**
- **ориентација на дланката на раката.**

Постојат и дополнителни елементи што ја овозможуваат комуникацијата на знаковниот јазик, со цел поефикасна разбирливост и за говорникот и за соговорникот. При говорење со знаковниот јазик се користат и се движат и другите делови на телото за да можат знаците да добијат појасна презентација на значењето на поимот што го претставуваат. Такви немануелни делови на знаците се: движење на главата; фацијална експресија; движење на устата; движење на телото.

## ЗНАКОВНИОТ ЈАЗИК НЕ Е УНИВЕРЗАЛЕН!

Интернационалната знаковна комуникација е начин на меѓусебно разбирање на глувите лица што користат различни знаковни јазици. Основата на ова комуникација е американскиот знаковен јазик (ASL ), кој се користи на официјалните меѓународни собири.

Во Конвенцијата на ОН потпишана на 30 март 2007 година и ратификувана од РМ на 29 декември 2011 година, има 7 члена во кои се истакнува рамноправноста на знаковниот со говорниот јазик

http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Konvencija%20za%20pravata%20na%20licata%20so%20invalidnost.pdf

## МАКЕДОНСКИ ЗНАКОВЕН ЈАЗИК

Македонскиот знаковен јазик и неговата употреба во Македонија се регулирани со Законот за употреба на знаковниот јазик уште од август 2009 година. Со него се уредува пра-

вото на употреба на знаковниот јазик, правото на глувите лица на знаковен јазик, изучување на знаковниот јазик, толкување на знаковниот јазик и др.

Со овој закон, во Македонија секоја државна и општествена институција е должна да обезбеди толкувач на знаковен јазик ако одредено лице има потреба од тоа.

Обука за изучување на знаковниот јазик во Македонија врши Сојузот на глуви и наглуви на Македонија http://www.deafmkd.org.mk и Институтот за дефектологија во Скопје. Толкувачите што ја поминале обуката се стекнуваат со сертификат за овластен толкувач на територијата на Македонија.

## 8 НАЈЧЕСТИ ЗАБЛУДИ ЗА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ

### Заблуда бр. 1

**Деца со оштетен слух најчесто се раѓаат во семејства каде што родителите имаат оштетен слух**

Дури 90 % од децата родени со оштетен слух потекнуваат од семејства што НЕМААТ оштетен слух. Светскиот просек е 2-3 деца со оштетен слух на 1000 родени деца.

### Заблуда бр. 2

**Знаковниот јазик е основен и единствен начин на комуникација меѓу децата со оштетен слух.**

Во денешно време можеме слободно да кажеме дека најголем дел од децата со оштетен

слух користат вербална комуникација што е овозможена со технолошкиот напредок во третирањето и на најтешките облици на оштетување на слухот.

## Заблуда бр. 3

**Учењето странски јазици е невозможно за децата со оштетен слух.**

Децата со оштетен слух, како и сите деца, се способни да научат еден или повеќе странски јазици – вербално и/или знаковно

## Заблуда бр. 4

**Децата со оштетен слух се интелектуално инфериорни и не можат да бидат талентирани.**

Ако кој било ни дава упатства на јазик што не го разбираме и притоа очекува да го исполниме барањето, секако дека би процениле дека не сме баш паметни затоа што не одговараме на начин што тој го очекува и не сме успеале да ја завршиме бараната задача.



Тоа би била процена на некој со недоволно разбирање на состојбата на лицата со оштетен слух.

Оштетениот слух не влијае врз талентираноста, потенцијалите и капацитетите на лицето со оштетен слух!



## Заблуда бр. 5

**Слушните апарати и импланти го враќаат слухот на нормала.**

Во која мера детето со оштетен слух ќе ги развие говорот и разбирањето зависи од многу фактори: типот и големината на оштетувањето, должината на рехабилитација, апаратот за слушање итн.

Науката и технологијата во оваа област се исклучително напреднати, но сè уште е долг патот до изедначување на природниот слух и технологијата.

## Заблуда бр. 6

**Погласен и неприродно забавен говор може да помогне за подобро разбирање.**

Ваквото зборување може само да придонесе кон искривеност на говорот и мимиката на

лицето, правејќи го разбирањето на говорот многу потешко. Подобро е речениците да се скратат и да бидат конкретни без скратување на зборови и/или гласови.



## Заблуда бр. 7

**Децата со оштетен слух се непристојни и наметливи.**

На децата со оштетен слух им се случува, и покрај нивната најдобра волја, да изреагираат на неочекуван и навидум непристоен начин. Но тоа многу често е реакција од недоволното разбирање на реченото и/или нивната потреба од социјализација што секако може да доведе до упаѓање во збор, непочитување на хиерархијата и непочитување на општите норми на однесување. Тоа околината може да го разбере како наметливост.

Ние треба со својот пример на однесување да ѝ обрнеме внимание на околината за специфичноста на ситуацијата.

## Заблуда бр. 8

**Во ред е да речете „не е важно“ кога детето се обидува да сфати за што зборувате, а вие не успевате да објасните.**

Никако не е во ред! За децата со оштетен слух доволно фрустрирачки е ако не можат да ја следат конверзацијата во друштвото во кое се наоѓаат и потребна им е храброст повторно и повторно да побараат нешто да се повтори. Одговорот „Не е важно“ ги обесхрабрува и ги прави уште пофрустрирани.

Вие треба да размислите и да се обидете со дополнителни објаснувања, гестови или цртежи да објасните што сакате да кажете или да прашате.

Слушањето и разбирањето се основни човекови потреби. Проблемите со слухот како и социјалните последици што произлегуваат од состојбата претставуваат предизвик за општеството и за сите нас.

http://sajberuvce.org/

*Глувоста и наглувоста не го дефинираат лицето, тоа само значи потреба од дополнителни системи и помагала за поддршка во функционирањето.*



**РЕСУРСЕН ЦЕНТАР**
ул. Васко Карангелески 33
1000 Скопје
++389 78 449 851
++389 78 449 852
www.resursencentar.mk

Изработката на брошурата е овозможена со финансиска поддршка на УНИЦЕФ, во рамките на проектот: „Зголемување на можностите за инклузија и подобрување на квалитетот на животот на децата со попреченост преку оснажување на нивните родители и семејства“.

Ставовите изнесени во оваа брошура се на авторите и не мора да се совпаѓаат со ставовите и политиките на УНИЦЕФ.